ДД... за ...ничена одговорност за заштита од зрачење-Република Хрватска
ЕКОТЕХ ДОЗИМЕТРИЈА
Бр. 034/2018
02.04. 2018 год.
Подружница во Скопје

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-623
29 - 03 2018 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР за јавна набавка на услуги

**Оглас 4/2018**

Склучен помеѓу следните ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ЈЗУУниверзитетска клиника за Неврологија Скопје**

Ул.Водњанска 17 Скопје
Телефон за контакт: 02 3111 904 застапувано од Д-р. Иван Барбов во понатамошниот текст (**Набавувач**) од една страна, и

2. **ЕКОТЕХ Дозиметрија ДОО – Подружница Скопје**

Адреса:____________________________________МБ._____________
застапуван(о) од ________________________________________
(во понатамошниот текст Носител на набавката - **Добавувач**) од друга страна.

**I. ДЕФИНИЦИИ**

Член 1

Одделни поими и изрази употребени во овој Договор имаат значење согласно Законот за јавни набавки Службен весник на РМ број 136/2007

**II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 2

Предмет на овој Договор јавна набавка на следните услуги согласно Барање за прибирање на понуди до 5000 евра,во хартиена форма со аукција согласно Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11), за што објави оглас број 4/2018

**Мерење радиоактивност на работни места, дозиметри и пргледи на лица кои работат со извори на јонизирачко зрачење**

Член 3

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

**IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 4

**Дел - 2 – Контрола на квалитет на РТГ уреди : Износ 2 550.00 денари.**

**Дел – 3- Мониторинг на работни места-мерење на брзина на амбиентален дозен еквивалент кај РТГ апаратите : Износ 2 610.00 денари**

**Вкупно : 5 160.00 без ДДВ, износ ДДВ 928.80**

**Вкупна вредност на договорот со ДДВ: 6 088.80** согласно прифатена Понуда .

Во вкупната цена на јавната набавка е засметана вредноста на сродните услуги и данокот на додадена вредност.

**V. ПРАВА И ОБВРСКИ**

Член 5

Во текот на периодот Набавувачот е должен да го извести Добавувачот за секоја промена на околностите која може да биде од значење за оцена на ризикот. Набавувачот е должен без одлагање да го извести Добавувачот за зголемување на ризикот од навремено плаќање на фактурите.

Член 6

Во случај на статусни промени (поделба, спојување и припојување на договорните странки), обврските од овој договор се пренесуваат на новиот субјект се до истекот на времето за кој е склучен.

**VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 7

Договорот се склучува на определено време за период од 1 година со важност од денот на потпишување на договорот.

**VII.ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 8

- Се регулира со член 11, член 12 и член 13од Договорот.

**VIII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ**

Член 9

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го изврши на следниов начин:
Контролата на РТГ уредите и мониторингот на работните места да се извршуваат во просториите на договорниот орган.